ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Сл. Весник на Р. Македонија, бр.106 од 29.07.2013 година

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13 и 69/13), во членот 15 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За потребите на водењето на ЕРЗС, Министерството во согласност со прописите за заштита на личните податоци, може да обработува лични податоци на членовите на семејните земјоделски стопанства (име и презиме, место и адреса на живеење) вклучително и единствениот матичен број."

Ставовите (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19) и (20) стануваат ставови (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20) и (21).

По ставот (21) кој станува став (22) се додаваат два нови става (23) и (24), кои гласат:

„(23) Во согласност со прописите за заштита на личните податоци, заради договорно уредување на правата и обврските за користење на вода за наводнување и пасишта во државна сопственост, податоците од ставот (3) на овој член може да се употребуваат од страна на водостопанствата и водните заедници основани согласно со Законот за водостопанство и Законот за водните заедници, како и од страна на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта во државна сопственост.

(24) Министерството е должно личните податоци од ставот (3) на овој член да ги чува пет години по престанокот на потребата од обработка на личните податоци на членот на семејно земјоделско стопанство."

Член 2

Во членот 21 став (3) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен на претседателите на потсекторските постојани групи на кои мандатот им е во времетраење на мандатот од членот 23 став (7) од овој закон."

Член 3

Во членот 31 став (6) алинеја 4 зборовите: „имаат во сопственост" се заменуваат со зборовите: „располагаат со".

Член 4

Во членот 33 ставот (27) се менува и гласи:

„Органот надлежен за инспекциски надзор од овој закон, по уписот на откупувачите во Регистарот, секоја година пред почетокот на откупот на земјоделскиот производ во периодот од 1 мај до 31 јули ја утврдува исполнетоста на условите од членот 31 од овој закон од страна на запишаните откупувачи."

Член 5

Во членот 36 став (2) алинеја 3 зборовите: „располагаат со" се заменуваат со зборовите: „имаат во сопственост".

Член 6

Во членот 101 став (1) алинеја 7 запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

Алинејата 8 се брише.

Во ставот (3) зборовите: „алинеја 4" се бришат.

Ставовите (5) и (6) се бришат.

Член 7

Членот 101-а се брише.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".